# Известување за концентрација со која Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена одговорност, Белград, Србија ќе стекне контрола над АБ-Лајн д.о.о. Сараево, Босна и Херцеговина (предмет бр. 08-169/2024)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.12.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена одговорност, Белград, со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија *има намера да стекне самостојна контрола директно над* АБ-Лајн д.о.о. Сараево со седиште на Халиловиќи 6, 71000 Сараево, Босна и Херцеговина .

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности

Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена одговорност, Белград е со регистрирана дејност - неспецијализирана трговија на големо.

Во Северна Македонија, Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена одговорност, Белград има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-ивоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје и со рРегистрираната дејност– трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

АБ-Лајн д.о.о. Сараево е друштво кое се занимава со увоз и дистрибуција на облека, обувки и сродни модни додатоци, преку сопствена малопродажна и големопродажна мрежа.

АБ-Лајн д.о.о. Сараево нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

За целите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлега, релевантниот пазар на производи да се дефинира како: 1) пазар за трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци во специјализирани продавници и 2) трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци преку пошта и интернет.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.01.2025 година
Скопје